# Полиси бриф документ

## НАСЛОВ

Поголема застапеност на младите од општина Шуто Оризари во локалните младински совети

## ОПИС НА ПРОБЛЕМОТ

Локалниот младински совет на ошпштина Шуто Оризари постои од 2019 година и е оформен со статутарна одлука на Советот на општина Шуто Оризари, потребата да постои вакво тело беше од клучна важност за интегрирање на младите од општината, во решавањето на проблемите со кои се соочуваат младите како значајен дел од населението во општината.

ЛМС- Шуто Оризари на повеќе наврати се обидува да воспостави мрежа помеѓу младите и редовно учествува на повеќе настани кои се поврзани со младите.

Поголемиот напор на ЛМС- Шуто Оризари  е со правење на работилницата- запознавање со млади лица на кои им беше објаснето постоењето, работата како и замислата на овој совет.

Следствено на ова како и резултат од активноста на младите, локалниот младински совет го детектираше проблемот во заеницата поврзано со младите преку спроведување на прашалници кои беа транспарентни за сите, истите беа и  онлине достапни.

Малата информираност и заинтересираност на младите од локалната заедница за младински политики, националната и локалната стратегија за млади, постоењето и улогата на ЛМС, придобивките од младинските документи на национално ниво се дел од проблематиките кои локалниот младински совет ги зема во опфат при спроведување на ова истражување.

## ПРЕГЛЕД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Спроведен прашалник на терен и онлајн во период од 3 месеци, од 15 Јуни – 15 Септември на 50 испитаници.

Прашалникот е спроведен на млади од Општина Шуто Оризари на возраст од 15-29 години.

Првиот бран на прашалници беше спроведен на јавен настан што го организираше Локалниот младински совет на 15ти јуни 2023, каде се вклучија 17 млади во пополнување на прашалникот.

Потоа во неколку наврати прашалници се спроведоа на терен кои ги пополнија уште 33 млади кои го дадоа својот придонес со свои размислувања.

## ТЕКОВНИ И ПРЕДЛОГ ПОЛИТИКИ

Организиран настан за промовирање на локалниот младински совет од Шуто Оризари со солидна заинтересираност, меѓутоа треба континуирано и позачестено информирање на младите за младинските политики на национално и локално ниво.

Според добиените податоци, преовладуваат податоците дека младите не се доволно запознаени со младинските документи, со ЛМС и неговите активности и наведување на приоритети во наредните 5 години.

Според поголем број на одговорени на прашањето ,,Дали се запознаени со Национална локална стратегија,, е негативен, како и непознавањето на политики креирани во истата.

Исто така поголем дел од младите не беа запознаени со локалната младинска стратегија кои подоцна на работилница спроведена од ЛМС –Шуто Оризари им беше објаснато што истата содржи.

Во делот на проблематиките со кои се соочувуаат во општината и кои мислат дека се истите, поголемиот дел од младите ги детектираа проблемите со кои они секојдневно се среќаваат една од најспомнуваните е не постоењето на место каде што младите ќе се запознат и здружат. Исто така беа спомнати и немање на постојан јавен превоз, немање на музичка соба, не постоење на активен спортски рекреативен центар, немање повеќе зеленило како паркови и сл.

Препораките од младите е да се направат напори за поголема промоција на ЛМС и неговите активности, младинските бенефити од младинските документи на национално и локално ниво, поголема вклученост на младите од локалната заедница преку низа промотивни настани, како и застапување на сите можни младински проблематики на локално ниво.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКА

Препораките се изведени ос трана на Локалниот младински совет, базирани на досегашното работно искуство и податоци добиени согласно истражувањето на терен.

Целта на овие препораки е да се превземат и да бидат дел како активности од биџетските средства на општината со цел да се унапреди вклученоста на младите во процесот на донесување одлуки и креирање на политики. Тоа ќе допринесе кон многу поголема информираност и заинтересираност на младите кон политиките на локалната самоуправа.

Предлог активности:

Вклучување на општината во својот буџетски план со цел да може да ја подигне запознаеноста на младите со младинските политики:

Предвидување на учество на локалниот младински совет во активностите на општината кои служат за промоција

Предвидување на средства од општинскиот буџет за теренски активности на Локалниот младински совет

Предвидување на средства за промоција на Локалниот младински совет на јавни дебати и конференции.

Обучување на членовите од младинскиот совет за пишување проекти со цел да се аплицираат локални иницијативи со цел да се помогне процесот на спроведување на активностите во поголем обем за да биде привлечно кај локалната младинска заедница.

Поголемо промовирање и информирање на младите од општина Шуто Оризари за придобивките од членството во локалниот младински совет, запознавање со младинските механизми, стратешки младински документи за нивно вклучување во активното општество се дел од активностите кои сакаме како Локален Младински Совет да ги постигнеме.